

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***Ноември 2020 година***
***ЕУЦ-број 56/2020***

## ЕВРОПСКА ЕКОНОМСКА ЕСЕНСКА ПРОГНОЗА 2020




### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Европска економска есенска прогноза 2020 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Владеење на правото услов за користење на ЕУ фондовите | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Издадени две социјални обврзници од инструментот SURE | 6 |
| Дополнителен грант во КОВАКС фондот за земјите со низок приход | 6 |
| Состанок на министрите за внатрешни работи на ЕУ | 7 |
| Климатска банка за климатски проекти | 7 |
| Европска опсерваторија за настава по историја | 8 |
| Нов договор за вакцини против Ковид-19 | 8 |
| Нова агенда за потрошувачите на ЕУ | 9 |
| План за заедничка здравствена унија | 9 |
| Нов пакт на вештини за зелена и дигитална транзиција | 10 |
| Влијание на пандемијата врз туризмот во Европа | 10 |
| Зголемен увозот на лаптопи во Европа | 11 |
| ЕУ календар / декември 2020 | 11 |


Европската комисија на 5 ноември годинава објави Европска економска есенска прогноза, извештај со очекувања за економијата на еврозоната од 7,8% до крајот на годинава, раст од 4,2% во 2021 и 3% во 2022 г. Споредено со пролетната проекција на Комисијата, изгледите се подобри за идната година, а понегативни за 2022 година. Економската активност во Европа по силниот шок со пандемијата Ковид 19, во првата половина од годината, значајно закрепнува во третиот квартал паралелно со олеснување на воведените рестриктивни мерки. Повторната појава на пандемијата ги отежна состојбите и доведе до воведување на нови здравствени мерки за спречување на ширењето на коронавирусот, наведува Европската комисија во анализите презентирани во извештајот.
Проекциите за економски раст се „предмет на екстремно висока стапка на неизвесност и ризик“, предупредува Комисијата. Според прогнозите, се очекува значителен пад на економската активност, сепак Комисијата смета дека ударот врз пазарот на трудот ќе биде лимитиран благодарение на донесените мерки на ниво на ЕУ. Невработеноста ќе продолжи да расте во идната година, со очекувано подобрување на состојбата во текот на 2022. Очекуван е раст на јавните долгови и дефицити на буџетите на земјите членки на ЕУ. Растот ќе се врати во 2021г, но ќе бидат потребни две години за европската економија да се приближи до нивото пред пандемијата. “Во контекст на многу висока неизвесност, националните и фискалните политики треба да одат во насока на поддршка, а ЕУ буџетот мора да биде финализиран оваа година за да стапи на сила на почетокот на 2021” изјави европскиот комесар за економија, Паоло Центилони.
Според прогнозите на Европската комисија, македонската економија ќе се соочи со пад на БДП од 4,9%, што е за 1% полошо од првичните прогнози. Дефицитот и јавниот долг ќе се зголемат, а најпроблематичен ќе биде извозот. Според анализите на Комисијата, невработеноста е зголемена поради епидемијата од коронавирусот, но не толку како што првично се очекувало. Комисијата во пролетната прогноза за Северна Македонија проценуваше зголемување на невработеноста на 18,1%, но сега очекувањата се на 17,3%. Сите економски показатели се со негативен предзнак: приватната потрошувачка се предвидува да се намали за 4,3%, извозот за 15,5%, а увозот за 12,5%. Дефицитот во буџетот ќе биде 8,6%. Единствен пораст годинава се предвидува кај јавната потрошувачка за 3,3%. Домашната побарувачка и покрај поддршката од владините мерки, останува „пригушена“ и по укинувањето на мерките за ограничување.
Економското заздравување, според проекциите ќе биде бавно и неизвесно. Растот на БДП во 2021 г. ќе биде 3,8%, а во 2022 г. 3,5%. Од земјите кандидати за членство во ЕУ, Црна Гора поради туризмот има најлоши прогнози со пад на економијата од дури 14,3%, Албанија 6,8%, а Србија од само 1,8%.
Доколку се влоши состојбата со пандемијата од Ковид 19, ќе бидат потребни построги здравствени мерки, со поголеми и подолготрајни ефекти врз економијата.

https://ec.europa.eu

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu



**Роберта Метцола избрана за прв потпретседател на Европскиот парламент**

**Пленарна сесија 11-13 ноември 2020**

Европратениците на ноемвриската пленарната дебата го поздравија единството на Парламентот во преговорите за буџетот и неговото поврзување со почитувањето на владеење на правото во земјите-членки на ЕУ.
Европратениците го поставија буџетот на ЕУ за 2021г. на нешто помалку од 182 милијарди евра, што претставува зголемување за 15 милијарди евра во споредба со првичниот предлог на Комисијата. Буџетот за 2021г. треба да „промовира фер, инклузивен и одржлив раст, создавање на високо-квалитетни работни места и неговата долгорочна цел на социоекономска конвергенција“, повикаа европратениците во нацрт-резолуцијата.
На пленарната сесија европратеничката од Малта, Роберта Метцола беше избрана за прв потпретседател на Европскиот парламент.
Со 627 гласа европратениците го одобрија договорот за зајакнување на соработката меѓу јавните служби за вработување (PES) низ ЕУ. Мрежата треба да го зајакне креирањето на одржливи работни места и приспособување на дигитализацијата и промената на работните модели.
Европратениците дадоа поддршка на договорот помеѓу ЕУ и Кина за заштита од фалсификување на имињата на 200 европски и кинески специјалитети за храна.
Во дебатата со европскиот комесар за внатрешни работи Илва Јохансон, европратениците укажаа на потребата за натамошно затворање на празнините во постојното законодавство за борба против тероризмот и неговото спроведување.
Со 471 глас европратениците усвоија необврзувачка резолуција за Инвестицискиот план за одржлива Европа (SEIP) и финансирање на Зелениот договор. Зелената транзиција треба да се фокусира на намалување на постојните и потенцијално влошени разлики меѓу земјите-членки, да ја зајакне конкурентноста и да резултира во одржливи, квалитетни работни места.

Во усвоената резолуција со 496 гласа се проценува состојбата на европските демократски вредности во контекст на националните мерки за справување со пандемијата КОВИД-19. Скоро сите говорници изразија загриженост за правата на граѓаните и ранливите групи во повеќето земји на ЕУ каде се преземени мерки за вонредна состојба.
Европратениците со 480 гласа ги поддржаа преговорите за обновената програма на ЕУ за поддршка на инвестициите и гарантиран пристап до финансии. InvestEU има за цел да биде фонд за поддршка за инвеститорите во ЕУ преку интеграција и поедноставување на финансирањето, понудено во рамките на единствена буџетска гарантна шема.
Европратениците со 524 гласа дадоа согласност за склучување на нов петгодишен Протокол за одржлив риболов кој се однесува на рибарите од Франција, Шпанија и Португалија.
На пленарната сесија со 504 гласа беше усвоен обновениот протокол на постојниот Договор за партнерство во областа на рибарството на ЕУ со Сејшелите, со цел одржлива риболовна политика и одговорно искористување на риболовот.

**Пленарна сесија 23-26 ноември 2020**

На втората пленарна сесија во ноември, европратениците со 319 гласа го одобрија назначувањето на Френк Елдерсон за член на Извршниот одбор на Европската централна банка.
Европскиот парламент одобри серија препораки за борба против бездомништвото. Со резолуција усвоена со 647 гласа се истакна несигурната состојба на над 700.000 лица бездомници во Европа, што претставува зголемување од 70% во текот на една деценија.
Европратениците одобрија помош од 823 милиони евра, од кои над 692 милиони евра за санирање на последиците од земјотресот и справување со пандемијата Ковид-19 во Хрватска, 7 милиони евра за Полска за реконструкција по поплавите и над 124 милиони евра за Германија, Ирска, Грција, Шпанија, Унгарија и Португалија за справување со здравствената состојба предизвикана од Ковид-19.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Во контекст на дебатата за Европскиот самит што треба да се одржи на 10 и 11 декември годинава, претседателката на Комисијата, Урсула фон дер Лајен ги информираше европратениците за постигнатиот напредок во преговорите за Брегзит и состојбата со Ковид-19. Земјите-членки на ЕУ доколку навремено ја обезбедат логистиката, вакцинацијата може да започне пред крајот на 2020 година, истакна фон дер Лајен.

Со новото законодавство одобрено од ЕП потрошувачите наскоро ќе можат колективно да ги бранат своите права. Законот има за цел да го подобри функционирањето на внатрешниот пазар преку запирање на нелегалните практики и олеснување на пристапот до правда за потрошувачите.

Европратениците повикаа на поголеми напори за отстранување на небезбедни производи од пазарот на ЕУ и приспособување на правилата за безбедност на производите на дигиталната ера. Резолуцијата за безбедност на производите на единствениот пазар беше усвоена со 688 гласа.

Во резолуцијата усвоена со 553 гласа ЕП укажува на „обидите на владите на некои земји-членки да ги замолчат критичките и независни медиуми и да ги поткопаат слободата на медиумите и плурализмот“. Европскиот парламент е длабоко загрижен за состојбата со слободата на медиумите во рамките на ЕУ и ги осудува насилствата, малтретирањата и притисоците со кои се соочуваат новинарите.

Во извештајот усвоен со 486 гласа европратениците ја повикаа Комисијата да предложи ревидирана индустриска стратегија, бидејќи првичната објавена во март годинава, се совпадна со почетокот од појавата на пандемијата Ковид-19, и неможноста да се земе предвид влијанието на пандемијата врз европските индустрии.

Европратениците со резолуција усвоена со 631 глас ги осудија незаконските активности на Турција во предградието Вароша во градот Фамагуста и предупредија дека нејзиното делумно „отворање“ ги ослабува изгледите за сеопфатно решение на кипарскиот проблем.

Европскиот парламент усвои три резолуции со кои се прави анализа на состојбата со човековите права во Белорусија, Етиопија и Алжир. Од властите во Белорусија се бара целосна истрага за убиството на Раман Бандаренка, да се постигне мирно решавање на конфликтот во Етиопија и повик до властите во Алжир да се ослободи притворениот новинар Мохамед Калед Драрени.

www.europarl.europa.eu

## ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО УСЛОВ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕУ ФОНДОВИТЕ




Германското претседателство со Советот на ЕУ и преговарачите на Европскиот парламент, по неколку месеци преговори, на 5 ноември годинава постигнаа преоден договор, со кој ќе се услови користењето на буџетот на ЕУ, со почитување на принципите на владеење на правото. Ова прашање беше главен камен на сопнување помеѓу двете институции во преговорите за повеќегодишниот ЕУ буџет 2021-2027, кој сè уште не може да стапи на сила, на помалку од еден месец до крајот на годината.

Постигнатиот договор ќе се применува не само во случај на корупција и измама, туку и кога станува збор за „системски аспекти поврзани со основните вредности на ЕУ“. Се нагласува дека сите земји-членки на ЕУ, мора да ги почитуваат основните вредности на ЕУ: слободата, демократијата, еднаквоста, човековите права и правата на малцинствата. Европскиот Парламент инсистираше да биде вграден принципот на условеност на буџетот со владеењето на правото од самиот старт на преговорите за повеќегодишниот буџет на ЕУ 2021-2027.

https://www.consilium.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 6 ноември 2020 година оствари средба со европратеникот и претседател на Делегацијата во Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-РСМ, Андреас Шидер. На средбата двајцата соговорници разменија мислења за оценките од Извештајот на Европската комисија за нашата земја и се осврнаа на работата на парламентите во услови на пандемијата со Ковид-19. Европратеникот Шидер изрази надеж за продолжување на соработката со Европскиот парламент во рамките на Мешовитиот парламентарен комитет и Дијалогот Жан Моне.

Претседателот Џафери, на 3 ноември годинава оствари виртуелна консултативна средба со европратениците, Андреас Шидер, Марион Валсман и Илхан Ќучук, олеснувачи на Дијалогот Жан Моне. На средбата во поширок состав учествуваа: координаторите на пратеничките групи и претставниците на политичките партии во Собранието, Никола Мицевски, Јован Митрески, Арбер Адеми, Сурија Рашиди и Кастриот Реџепи, и генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова. Учесниците искажаа подготвеност за продолжување на реформите и изнаоѓање прифатливи решенија кои би можеле да го попречат нормалното одвивање на законодавниот процес.





Претседателот на Собранието, Талат Џафери и пратеничките Дафина Стојаноска и Арбана Пашоли учествуваа на 206-та виртуелна сесија на Управниот совет на Интерпарламентарната унија (ИПУ) која се одржа од 1 до 4 ноември 2020 година. На сесијата учествуваат по тројца парламентарци, членови на Управниот совет од 145 земји членки на Унијата. На сесијата беа презентирани финансиските резултати на Интерпарламентарната унија, извештаите за активностите на работните тела и одржаните настани, како и состојбата во одредени земји членки.

На 3 ноември 2020 г. се одржа Регионална Парламентарна веб-конференција на тема: “Медиумите на јавни услуги во транзиција: Предизвици со кои се соочуваат и како да се искористат за подобрување”. На настанот активно учество зедоа пратениците: Бране Петрушевски, Ненад Коциќ, Мирослав Богдановски, Бети Стаменкоска-Трајкоска, Љупчо Балкоски и Берат Ајдари. Настанот е во организација на Советот на Европа, во соработка со Комитетот за култура, наука и образование на медиумите на ПССЕ.

www.sobranie.mk



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми на 10 ноември имаше обраќање на виртуелната 18-та Меѓународна младинска конференција на тема: Европските вредности за иднината на земјите во ЈИЕ, на која зедоа учество претставници на млади од 16 земји, со цел европската иднина на регионот со заеднички дијалог и размена на мислења и практики. На конференцијата Адеми имаше свое излагање за идните чекори за младите од регионот во изградбата на подобро место за живеење и просперитет на младите. Комисијата за европски прашања продолжува со праксата за вклучување на граѓанските организации на јавните расправи и комисиските седници, истакна Адеми.





На 13 ноември 2020 година претседателот на Комисијата за европски прашања, Адеми учествуваше на виртуелната Конференција на тема: Западен Балкан и ЕУ: Демократска консолидација преку исполнување на политичките критериуми, на која воведно обраќање имаше претседателот на Парламентот на Црна Гора, Алекса Бечиќ. Во своето излагање тој се осврна на реализација на ЕУ реформите во четирите клучни реформски области: судство, борба против корупцијата, разузнавање и реформата во безбедносните служби и јавната администрација.



Претседателот на Комисијата, Адеми на 30 ноември годинава учествуваше на дводневната виртуелна Конференцијата на комисиите за европски прашања на земјите-членки на ЕУ (КОСАК), што се одржа во Берлин во рамки на Германското претседателство со Советот на ЕУ. На Конференцијата свое обраќање имаше германската канцеларка Ангела Меркел, која се осврна на реализацијата на приоритетите на претседателството и се осврна и на проширувањето со земјите од Западен Балкан, при што посочи дека Германија беше посветена на отворањето на преговорите со ЕУ за Северна Македонија и Албанија. Во тој контекст, канцеларката Меркел истакна дека за Северна Македонија во фокусот треба да биде изнаоѓање на решение за надминување на билатералниот спор со соседна Бугарија.

Претседателот на Комисијата за европски прашања Арбер Адеми на 26 ноември оствари учество на работилница организирана од Институт за демократија „Социетас Цивилис“ (ИДСЦС) во соработка со Франсоа Лафонд, советник во СЕП, и имаше обраќање на сесијата „Патоказот на Северна Македонија до ЕУ“, по Европско 2021, предизвикот наречен Европска Унија. Во обраќањето Адеми говореше за парламентарната димензија на евроинтегративните процеси на земјата, во светлото на најновите случувања по последниот состанок на Советот на министрите на ЕУ на 17 ноември, на кој не ни беше одобрена Преговарачката рамка.



## СОЦИЈАЛНИ ОБВРЗНИЦИ ОД ИНСТРУМЕНТОТ EU SURE




Европска комисија на 10 ноември годинава издаде втора социјална обврзница со вредност од 14 милијарди евра со цел заштита на работниците и работните места погодени од последиците од пандемијата со Ковид-19.
“Пазарот повторно ни даде доверба пропратена со силен интерес од инвеститорите и поволните услови, што е прекрасна вест за ЕУ како издавач и заемопримач, за пазарот на социјални обврзници, а пред сè за граѓаните на ЕУ, кои ќе ја добијат потребната финансиска поддршка” - изјави европскиот комесар за буџет Јоханес Хан. Издавањето на обврзницата се состои од две транши, со отплата од 8 милијарди евра во ноември 2025 и 6 милијарди евра за отплата во ноември 2050 година.
Комисијата на 25 ноември ја издаде и третата обврзница во вредност од 8,5 милијарди евра од програмата EU SURE. Издавањето е со единствена транша со отплата во јули 2035 година.
Обврзницата беше оценета на негативен принос од -0,102%. Тоа значи дека за секои 102 евра што ги добиваат земјите-членки, тие враќаат 100 евра. Оваа предност на негативната каматна стапка се пренесува директно на земјите-членки кои ги примаат заемите во форма на позајмица.
Комисијата ќе продолжи со дополнителни издавања според EU SURE програмата во 2021 година, до максималниот расположив плафон од 100 милијарди евра.
Комисијата во 2021г. треба да започне и со позајмувањето под инструментот NextGenerationEU за привремено закрепнување од 750 милијарди евра за да помогне во изградбата на позелена, дигитална и поотпорна Европа.
Кон крајот на октомври годинава, Комисијата издаде воведна социјална обврзница од 17 милијарди евра, средства кои ги поделија Италија, Шпанија и Полска.
Комисијата до сега предложи 90,3 милијарди евра финансиска поддршка за 18 земји-членки. Исплатени се вкупно 31 милијарда евра на 10 земји-членки на ЕУ по двете EU SURE изданија на ЕУ: Хрватска, Кипар, Грција, Италија, Летонија, Литванија, Малта, Полска, Словенија и Шпанија.
Собраните средства се пренесуваат на корисниците земји-членки на ЕУ во форма на заеми за покривање на трошоци директно поврзани со финансирањето на националните шеми за краткорочно работење и слични мерки како одговор на пандемијата со Ковид-19.

https://ec.europa.eu

## ДОПОЛНИТЕЛЕН ГРАНТ ВО КОВАКС ФОНДОТ ЗА ЗЕМЈИТЕ СО НИЗОК ПРИХОД



Европската унија на 12 ноември 2020 година соопшти дека ќе учествува со дополнителни 100 милиони евра грант во фондот Ковакс чија цел е да обезбеди вакцина на земјите со низок или среден приход. Фондот Ковакс е составен од 184 земји, од кои 92 се со низок или среден приход.
Унијата веќе се заложи да придонесе со 400 милиони евра за овој фонд, со што станува еден од водечките донатори за посиромашните земји. Со овој нов придонес, ЕУ дополнително ги засилува инвестициите за поддршка на глобалното закрепнување. Европската комисија смета дека вакцината треба да стане глобално јавно добро за сите. Со овој дополнителен придонес, целта е да се финансира набавка од две милијарди вакцини за 92 ранливи земји во светот. Глобалното економско закрепнување ќе биде возможно само ако безбедни и ефикасни вакцини се достапни за сите на кои им се потребни. ЕУ ја зголемува својата поддршка за Ковакс со оваа цел – изјави претседателката Урсула фон дер Лајен која учествуваше на Парискиот мировен форум преку видеоконференција. Со овој дополнителен придонес, целта е да се финансира набавка од две милијарди вакцини за 92 ранливи земји во светот, посочи комесарката за здравство, Стела Кириакидес.

https://ec.europa.eu

## СОСТАНОК НА МИНИСТРИТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА ЕУ



Министрите за внатрешни работи на 27-те земји-членки на ЕУ на состанокот на 13 ноември 2020 г. усвоија заедничка изјава како сигнал за единство и солидарност по последните терористички напади на европска површина. Претседавачот на Советот на ЕУ, министерот за внатрешни работи на Германија, Хорст Зехофер, ја истакна заложбата на министрите, за заедничка одбрана на заедничките европски вредности: владеењето на правото, слободата и плурализмот. Состанокот беше одржан една недела по терористичките напади во Франција и Австрија и точно на петтата годишнина од терористичкиот напад во Париз во кој беа убиени 130 лица и 350 беа ранети.
Европската унија веќе обезбеди „добра основа” во борба против екстремизмот и тероризмот која мора поефикасно да се примени, особено во размената на информации во рамки на земјите-членки и контрола на преминување на надворешните граници, вклучително движења во рамките на Шенген.
“Кога станува збор за заштита на надворешните граници на Европа, треба да знаеме кој влегува и излегува од ЕУ, а за тоа ни е потребна многу подобра гранична заштита” изнесе германскиот министер за внатрешни работи. Министрите ги повикаа Европската комисија, Европскиот парламент и германското претседателство со ЕУ, до крајот на годинава да усвојат правила за брзо отстранување на терористичка содржина од интернет, доколку е можно и во рок од еден час по објавувањето.
“Треба да се обезбеди строго спроведување на европските правила за огнено оружје со што ќе се обезбеди тие да не завршат во погрешни раце” истакна Зехофер и повика на зајакнување на капацитетот на Европол во борбата против тероризмот и најави дека во декември подетално ќе се разговара за меѓусебната соработка на полициските структури во Европа во борбата против тероризмот и криминалот. Европската комисија објави дека во декември ќе го претстави својот Акциски план за борба против тероризмот.

https://www.consilium.europa.eu

## КЛИМАТСКА БАНКА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОЕКТИ




Владите на земјите членки на Европската унија на 12 ноември годинава одобрија зелен „патоказ“ од 1 трилион евра за заемни активности. Планот „Климатска банка“ на Европската инвестициска банка (ЕИБ) се дискутираше минатата година кога беше поставен како знак на намери на ЕУ да ја преземе водечката улога во борбата против климатските промени. Планираните средства до 2030г. ќе се трошат на проекти насочени кон климата, биодиверзитетот и одржливоста. Банката истакна дека „сите активности за финансирање“ ќе бидат усогласени со Парискиот климатски договор, до крајот на оваа година. Рокот за стопирање на финансирањето на нафтените и проектите за гас е одложено за една година, а градењето на патиштата ќе продолжи. Еколошките групи го поздравија официјалното признавање на климатските промени како приоритет на ЕИБ и го нарекоа потегот за запирање на финансирањето на аеродромските проширувања „забележителен чекор напред“. Од ЕИБ се очекува да се усогласи со обврската од Парискиот договор за ограничување на глобалното затоплување на 1,5 степени Целзиусови над прединдустриските нивоа.

https://www.reuters.com

## ЕВРОПСКА ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА




Седумнаесет земји – членки на Советот на Европа, меѓу кои и Северна Македонија одлучија да формираат Опсерваторија за настава по историја во Европа. Претставниците во Комитетот на министри на Албанија, Андора, Ерменија, Кипар, Франција, Грузија, Грција, Ирска, Луксембург, Малта, Северна Македонија, Португалија, Руската Федерација, Србија, Словенија, Шпанија и Турција, имајќи ја предвид Декларацијата усвоена од министрите за образование на 23 земји во Париз на 26 ноември 2019г. со која се изразува нивна подготвеност да работат за создавање на Опсерваторија за настава по историја во рамки на новиот проширен парцијален договор на Советот на Европа, на 12 ноември годинава официјално го означија создавањето на опсерваторијата.

Главната цел на опсерваторијата е да собира и да ги става на располагање, преку редовни извештаи, фактичките информации за начините на кои се учи историјата во земјите учеснички, со што се олеснува размената на добри практики и меѓусебно учење. Таа ќе послужи како платформа за професионален развој и вмрежување на европските професионални асоцијации и институти активни во областа на наставата по историја. Наставата по историја што промовира мултиперспективност и критичко размислување е од суштинско значење за развојот на културата на демократијата. Со истакнување на практики кои ја поттикнуваат наставата по историја во согласност со вредностите на Советот на Европа, Опсерваторијата ќе помогне во градење на отпор против манипулација и изобличување на историјата и ќе помогне во промовирање на мирот и дијалогот, се истакнува во соопштението издадено во Стразбур. Опсерваторијата се базира на децениското искуство на Советот на Европа во наставата по историја и има за цел да ја надополни и зајакне својата меѓувладина програма. Оваа иницијатива беше започната во рамки на Француско претседателство со Комитетот на министри и денес претставува едно од водечките достигнувања на грчкото претседателство со Организацијата.
Бугарија засега е единствената од директното соседство на Северна Македонија, која не е дел од Опсерваторијата.

https://www.coe.int

## НОВ ДОГОВОР ЗА ВАКЦИНИ ПРОТИВ КОВИД-19




Европската комисија на 11 ноември годинава го одобри четвртиот договор за набавка на вакцини против Ковид-19, овој пат со фармацевтските компании БиоНТех и Фајзер, за првични 200 милиони дози вакцини, како и дополнителни 100 милиони откако ќе се утврди дека вакцината е ефикасна и безбедна, соопшти Европската комисија.
Комисијата се обидува да „изгради разновидно портфолио“ на вакцини преку договори со главните фармацевтски компании за да може да ги распредели вакцините што е можно побрзо и штом бидат одобрени и проверени. До сега се склучени договори со АстраЗенека, Санофи ГСК и Јансен, а во тек се преговори со КјурВак и Модерна. По авторизиризацијата, вакцините ќе бидат брзо распределени и ќе приближат до трајно решение на пандемијата – изјави претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен.

https://ec.europa.eu

## НОВА АГЕНДА ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО ЕУ




Европската комисија на 13 ноември годинава објави нова агенда за потрошувачите, која ќе го поддржи Зелениот договор и Акцискиот план за циркуларна економија, чија цел е да се преполови комуналниот отпад до 2030г. И овозможувајќи им на потрошувачите полесно да ги трошат своите средства на зелени производи.

Новата Агенда се фокусира на пет области: зелена транзиција, дигитална трансформација, ефективно спроведување на правата на потрошувачите, ранливи групи и меѓународна соработка. Новата политика на потрошувачите до 2025г. Покрај петте области ги вклучува и аспектите на животната средина и дигитализацијата, со цел да се помогне на потрошувачите да преземат активна улога во транзицијата кон одржлива економија. Европската комисија во 2021г. ќе презентира предлог со цел потрошувачите да бидат подобро информирани за одржливоста и промоцијата на циркуларните производи. Комисијата ќе се обиде да ги охрабри и компаниите кои поддржуваат одржлива потрошувачка, да се справи со скриеното рекламирање преку Интернет, што го отстранува правото на потрошувачот да биде информиран пред да направи избор.

https://www.euractiv.com

## ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЧКА ЕВРОПСКА ЗДРАВСТВЕНА УНИЈА




Европската комесарка за здравство, Стела Кириакидес на 11 ноември годинава презентираше План на Европската комисија за градење на Заедничка европска здравствена унија, во која надлежните органи ќе имаат зајакнати капацитети да одговорат на здравствени закани во иднина. Европската комисија смета дека е време да се зајакнат надлежностите на Унијата за подобра координација во здравствената политика, која засега е скоро целосно само национална компетенција на земјите членки на ЕУ.

Европската комисија предлага нова регулатива за справување со сериозни прекугранични здравствени закани, преку која треба да се зголемат надлежностите на двете главни здравствени агенции на ЕУ: Центарот за спречување на зарази (ECDC) и Агенцијата за лекови (EMA).

ECDC треба да биде подготвен за активирање на вонредна состојба во случај кога ќе се појави нова закана од заразна болест, но и да има доволни резерви на медицинска опрема за да може брзо и ефикасно да ги распредели во земјите членки на ЕУ како и во трети земји.

Комисијата побара да се изработат европски и национални планови за подготвеност, за обука на медицински персонал и потребен капацитет во случаи на идни епидемии. Европската агенција за лекови би била задолжена одблиску да ги следи резервите на лекови и третмани и да биде спремна брзо да реагира доколку дојде до одредени недостатоци, но исто така треба да спроведува клинички тестирања и истражувања за вакцини, посебно во моменти кога е потребна брза реакција.

“Во време на криза граѓаните со право очекуваат од ЕУ да заземе поактивна улога, денес ги зајакнуваме темелите за посигурна, подобро подготвена и поотпорна ЕУ во областа на здравството. Ова ќе биде значајна промена во нашиот капацитет да одговориме колективно” изјави еврокомесарката Кириакидес на прес-конференцијата при презентирањето на Планот.

https://ec.europa.eu

## ПАКТ ЗА ВЕШТИНИ ЗА ЗЕЛЕНА И ДИГИТАЛНА ТРАНЗИЦИЈА



Европската комисија на 12 ноември 2020г. презентираше повеќе амбициозни заложби за зајакнување на користењето вештини од следната генерација во Европа, со цел да помогне во пошироките цели на ЕУ за дигиталната и зелена транзиција. Како дел од новиот Пакт за вештини, јавните и приватните организации беа поканети да ги ангажираат своите ресурси за да се осигурат дека граѓаните располагаат со вештини соодветни за 21 век. Потписниците на Пактот, кои вклучуваат приватни и јавни организации и регионалните власти, се обврзаа на низа долгорочни цели, вклучително и предвидување на недостаток на вештини во иднина и градење на програми за обука. Пактот на вештини започна како дел од Европската недела на стручно образование и обука (VET), што се одржува низ цела Европа. Стотици настани и работилници беа организирани на Интернет со цел да се пренесе долгорочната посветеност за поттикнување на употреба на вештини од следната генерација.

Дополнително преку јавни и приватни инвестиции 2 милијарди евра се наменети за микроелектронската индустрија, со цел да се обезбедат можности за доквалификација и преквалификација на вработените.

Негувањето на поголема родова еднаквост во технолошките индустрии е една од целите на Комисијата. Дигиталната стратегија го истакнува приоритетот да се осигури дека жените имаат повеќе „наградувачка кариера“ во технолошкиот сектор и дека тие се во можност да учествуваат во дигиталната транзиција на блокот.

https://www.euractiv.com

## ВЛИЈАНИЕ НА ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ ТУРИЗАМОТ ВО ЕВРОПА

На почетокот на 2020 година туристичката индустрија низ светот беше погодена од ограничување на патувањата поради пандемијата со Ковид-19. Бројот на туристите опадна, посебно во март и април годинава, во споредба со истиот период во 2019 година. Од јуни 2020 година повеќето земји на ЕУ почнаа со укинување или постепено ублажување на мерките за ограничување на патувањата. Останатите ограничувања поврзани со пандемијата останаа на сила, како мерката дека туристите треба да останат во карантин при враќање од странство. Ограничувањата на патувањата воведени како одговор на пандемијата Ковид-19 продолжуваат силно да го погодуваат глобалниот туризам. По падот од 93% во април 2020 г. во споредба со истиот месец од претходната година, до јули 2020 г. домашниот туризам во ЕУ речиси се врати на нивото од претходната година.

https://ec.europa.eu/eurostat



## ЗГОЛЕМЕН УВОЗ НА ЛАПТОПИ ВО ЕВРОПА

Во првите месеци на 2020 година, првиот бран на пандемијата со Ковид-19 предизвика нарушување на меѓународната трговија и увозот на лаптопи нагло се намали. Како што земјите се приспособуваа на кризата, толку повеќе луѓе требаше да работат или да учат од дома, како и преку виртуелни состаноци да контактираат со колегите, пријателите и семејството. Ова предизвика увозот на лаптопи да достигне историски максимум во април 2020 година. Зголемувањето на увозот на лаптопи за повеќе од 30% се забележува во само две земји-членки на ЕУ: Романија (+38%) и Данска (+35%). Кај девет земји увозот пораснал од 20% до 30% , а кај други девет земји од 10% до 20%. Во шест земји растот бил помеѓу 2% и 10%, додека само во Естонија увозот благо се намалил.

https://ec.europa.eu/eurostat




ec.europa.eu/eurostat

***ЕУ КАЛЕНДАР / декември 2020***

*1.Пленарна сесија на Европскиот парламент, 14-17/12/2020, Стразбур.*
*2. Состанок на Европскиот совет, 10 и 11/12/2020, Брисел;*
*3.Конференција за заштита на фундаменталните права во ера на вештачка интелегенција, во рамки на Германското претседателство со ЕУ, 14/12/2020, виртуелен настан.*
*4.Самит за урбана мобилност на Европскиот институт за иновации и технологии, 09-11/12/2020, виртуелен настан.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




